Бр./Nr 12-2043/3
20-07-2026 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија", бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (понатаму: ДКСК), на 35-та седница одржана на 16.07.2026 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Пријавата заведена под бр. 12-2043/1 од 22.05.2026 година, против лицата ---- – в.д Директор на ЈУМЦСР ---- и ---- - вработена во ЈУМЦСР ----, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај од причина што за пријавените наводи е надлежен да постапува друг орган.

Пријавата и прилозите доставени кон истата да се достават до Министерството за социјална политика, демографија и млади.

Предметот со бр. 12-2043/1 од 22.05.2026 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на познат подносител, на ден 22.05.2026 година, поднесена е пријава против лицата ---- – в.д. Директор на ЈУМЦСР ---- и ---- - вработена во ЈУМЦСР ----, и оформен е предмет бр. 12-2043/1 од 22.05.2026 година.

Во пријавата подносителот наведува дека подносителот на пријавата има поднесено барање за остварување редовни лични односи и непосредни контакти со неговата малолетна ќерка. По поднесеното барање бил составен тим од стручни лица со водител на предметот кој пристапил кон одлучување на предметот. Подносителот дополнил дека и покрај тоа што бил оформен тим назначен да постапува по поднесеното барање, ЈУМЦСР ----преку в.д. Директорот ----одлучил да направи промена на тимот во периодот кога водителот на предметот започнал да користи годишен одмор, односно во негово отсуство и во период додека трае постапката за донесување на решение. Постапувајќи на горенаведениот начин, менувајќи го тимот кој постапувал по поднесеното барање, два пати, во рок од три месеци, без јасно образложение, кај подносителот создало чувство на сомнеж за неправилно постапување по предметот.

Според член 186 став 3 од Закон за социјалната заштита („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 104/2019, 146/2019, 275/2019, 302/2020, 311/2020, 163/2021, 294/2021, 99/2022, 236/2022, 65/2023 и 192/2025) (понатаму: Закон), Директорот на јавната установа, основана од Владата, го избира и разрешува министерот.
Според член 215 став 1 од Законот, секој давател на јавна услуга и друго лице, согласно со закон има право да поднесе иницијатива за поведување на дисциплинска постапка против давател на јавна услуга во јавна установа за социјална заштита, која треба да биде образложена.
Според став 2 од истиот член, предлог за поведување на дисциплинска постапка против давателот на јавна услуга поднесува непосредно претпоставениот давател на јавна услуга, односно раководниот службеник или директорот на јавната установа за социјална заштита.

По разгледувањето на предметните наводи и релевантните законски и подзаконски одредби, ДКСК констатира дека во случајот по пријавените наводи односно дејствија, друг орган е надлежен да постапува поради што предметната пријава заедно со прилозите ќе се доставaт до Министерството за социјална политика, демографија и млади.

Ова од причина што законските и подзаконските акти коишто ја регулираат спорната проблематика не определуваат конкретни ограничувања во вршењето на промени во стручниот тим кој постапувал по барањето на подносителот.
Сепак со оглед на фактот, дека согласно подносителот постоел сомнеж за злоупотреба на јавните овластувања од страна на директорот при вршењето на неговите овластувања, ДКСК цени дека Министерот за социјална политика, демографија и млади како лице коешто има овластувања да го разреши директорот на јавната установа за социјална заштита, доколку утврди несовесно работење од негова страна, е надлежен да постапува по предметната пријава.
Дополнително, во однос на наводното несовесно работење на раководителот наведен во пријавата, согласно Законот, надлежно лице за оценување на неговото работење е непосредно претпоставениот давател на јавна услуга, по претходно поднесена иницијатива за поведување на дисциплинска постапка која треба да биде образложена.

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Претседател**

**Адем Чучуљ**

Изработил: м-р В.З. Виш соработник
Согласен: м-р И.П. Раководител на сектор
Одобрил/Miratoi: В.ХН.Член/Anëtar

Доставено до:
- подносителот на пријавата